СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

ОСУМДЕСЕТ И ЧЕТВРТА (74) СЕДНИЦА, 9 ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 17 СЕПТЕМВРИ 1997 ГОДИНА

АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД 2

ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (ја води седницата)

Т.26-стр.1

Т.27-стр.2

Т.22-стр.2

Т.23-стр.4

Т.24-стр.4

Т.25-стр.5

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 9-тото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 септември 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 74-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кенан Хасипи, Јаким Ивановски, Зоран Крстевски, Николина Трајановска, Тодосија Паунов, Владимир Соколовски, Ратка Куљан Зографска, Благоја Стефановски, Борис Костаќев, Ристо Марковски Драгољуб Поповиќ, Игнатие Богдановски и Исмет Рамадани ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Продолжуваме со 26-тататочка од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје 11 - Скопје.

Бидејќи го заклучив претресот и како што знаете, бидејќи немавме кворум за гласаше еве го повторувам гласањето.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Елизабета Стојановска е разрешена од функцијата судија на основниот суд Скопје 11-Скопје по нејзино барање.

I/2 сп/вц

Преминуваме на 27-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар -Скопје.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата го повлече од оваа седница и предлага таа да биде на дневен ред на првата наредна седница.

Преминуваме на 22-та точка од дневниот ред - Предлог за автентично толкување на член 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на РМ" бр.80/93, 3/94, 14/95, 71/96 и 32/97) .

Предлогот на автентичното толкување ви е поделено.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници излегов на говорница да кажам неколку збора по однос на ова автентично толкување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам г-дине Ајдарага ве молам исклучете ги мобилните телефони кога почнува седницата. Продолжете.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Мислам дека со она што е даден одговор односно автентично толкување, а имајќи предвид многу работи што ни се случуваат на терен барањата на голем број организации на пензионерите, мислам дека е одрживо денеска да ја одложиме расправата по ова прашање со тоа да се создадат услови кога може подобро да одлучуваме по ова прашање. Зошто го кажувам ова?

Познати се ставовите на Уставниот суд по ова прашање, познато е нашето гледање по однос на ова прашање, меѓутоа, познати се исто така и ургенциите кои ги правеа општинските организации на здруженијата на пензионерите. Мислам дека во нив има доста логичности и добро е денеска да не донесуваме автентично толкување по однос на ова прашање.

ГИ ценам сите напори што ги прави Владата, меѓутоа, исто така ги ценам и напорите на пензионерите и нивните состојби, па од таа причина мислам дека денешната расправа по ова прашање треба да ја одложиме. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, г-динот Ајдарага предложи да се одложи расправата по оваа точка, молам кој е за предлогот да крене рака? (20 пратеника)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на автентично толкување.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (45 пратеника)

Дали има некој против? (11 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе автентично толкување на член 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Службен весник на РМ" бр.80/93,3/94,14/95,71/96 и 32/97).

Преминуваме на 23-тата точка од дневниот ред - Барање за дав; автентично толкување на членот 36 став 2 од Законот за локалната самоуправа поднесено од градоначалникот на општина Гевгелија ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/95 и 60/96).

Барањето и извештајот од ЗПК ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање на автентично толкување на членот 36 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.52/95 и 60/96) поднесено од градоначалникот на општина Гевгелија не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на одредбата од овој член од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието да се достави до градоначалникот на општина Гевгелија.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(65 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 24-тата точка од дневниот ред Барање за давање автентично толкување на член 6 став 1, точка 5 од Законот за градот Скопје поднесено од градоначалникот на град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/96).

Барањето и извештајот на ЗПК ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за даваше на автентично толкување на членот 6 став 1 точка од Законот за градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.49/96), поднесено од градоначалникот на град Скопје не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на одредбата на овој член од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието да се достави до градоначалникот на град Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака ? (60 пратеника).

Дали има некој против? (10 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Преминуваме на 25-тата точка од дневниот ред - Барасе за давање автентично толкување на членовите 29, став 1 точка 7 и 46 став 1 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од Советот на општина Велес ("Службен весник на РМ" бр.52/95).

Барањето и извештајот на ЗПК ви се поделени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 29 став 1 точка

и членот 46 став 1 од Законот за локалната самоуправа "Службен весник на РМ" бр.52/95 и 60/95) поднесено од Советот на општина Велес не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на одредбите на овие членови од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на РМ.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до Советот на општина Велес.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Ве молам за информација колку пратеници се присутни во салата дали можеме да гласаме по Предлог законот за извршна постапка.

75 пратеника се присутни според тоа не постојат услови да се гласа за овој закон исто како и за Барањето за одземање на; мандатот на г-дин Џафери, бидејќи нема присутни во салата 80 пратеници, а потребно е такво мнозинство за изгласувањето на Законот и по предлогот за одземањето на мандатот на г-дин Џафери.

Според тоа за овие две точки ќе гласаме во моментот кога ќе се создадат услови за тоа кога во собраниската сала ќе бидат при- сутни барем 81 пратеник.

Г-динот Видимче процедурално.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Би замолил да се обидеме да се преброиме уште еднаш, јас мислам дека сме 81 пратеник во салата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам уште еднаш за информација. (приговор во салата) Ве молам чекајте да завршиме имајте трпение на сите ќе ви дадам збор. Во салата има 74 пратеника. Ве молам, ако сакате ќе можете г-динот Видимче или некој друг нека изброи (негодување во салата)

Според тоа ја прифаќате информацијата.

Ве молам по другите точки дневниот ред од 74-тата седница на Собранието е исцрпен.

Бидејќи повеќето пратеници најавија отсуство од 13,00 до 14,00 часот, објавувам пауза до 14,30 часот. Во 14,30 часот продолжуваме со работа.

Ве молам во меѓувреме координаторите на пратеничките групи ако можат да создадат услови да гласаме по овие точки.

(седницата прекина со работа во 11,40 часот).